Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневните настани 13.11.2023

Денеска (13.11.2023) во с.Орашец, кумановско, полициски службеници од Мобилната единица за компензаторни мерки при Одделот за гранични работи и миграции го лишиле од слобода И.И.(19) од с.Случјане, липковско, бидејќи во возилото „фолксваген транспортер" со скопски регистарски ознаки, кое го управувал, бил пронајдени 12 лица мигранти од Непал. Имено, околу 02.20 часот на автопатот „Придајелство", делница Табановце – Куманово, полициските службеници дале знак за запирање на возилото, но возачот не застанал и продолжил со движење, се исклучил од автопатот на регионалниот пат Куманово – Свети Николе и откако влегол во село Орашец навлегол во нива, по што излегол од возилото и се обидел да побегне. Набргу бил фатен, а во возилото биле пронајдени мигрантите. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.11.2023 во Струмица, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица ги лишија од слобода Д.К.(20) и Ц.И.(25), двајцата од Струмица. Тие се сомничат дека на 11.11.2003 во Струмица со употреба на сила одзеле личен предмет од едно лице. Предметот е пронајден и вратен на сопственикот, а лицата се задржани во Полициска станица Струмица и за настанот е запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.11.2023 во 15.30 часот во Кавадарци, полициски службеници од Полициската станица Кавадарци го лишија од слобода В.В.(32) од ОВР Кавадарци. Околу 15.20 часот на улица "Ѓорѓи Соколов" во Кавадарци, тој се обидел да отвори паркирано товарно возило, но бил забележан од сопственикот и набргу потоа е лишен од слобода. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.11.2023 во 18.50 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.А.(29) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.11.2023 во 01.50 часот Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Б.Ѓ.(35) од Куманово затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Битола во текот на викендот (10/11/12.11.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на СВР Битола санкционирани се 259 возачи, меѓу кои 78 мерки за возење повеќе од дозволената брзина, 52мерки за возење без возачка дозвола, 55 возачи за управување под дејство на алкохол...

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (12.11.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 230 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 102 санкции, 21 мерка за возење без возачка дозвола, 18 санкции за некористење сигурносен појас. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон при возење, три санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), 13 санкции за возење под дејство на алкохол...

Во текот на вчерашниот ден (12.11.2023) во периодот од 16.00 до 21.00 часот Секторот за сообраќајни работи при Одделот за униформирана полиција Биро за јавна безбедност и Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата спроведоа акциска контрола на територијата на општина Сарај во Скопје, за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата санкционирани се 74 возачи, од кои 20 за возење без возачка дозвола, 14 санкции поради измината важност на сообраќајната дозвола, девет мерки за непропишно вградени фолии (затемнети стакла), три санкции за возење под дејство на алкохол... На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 12.11.2023 во 17.00 часот во Полициската станица Аеродром, С.Ј.(53) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" бил каснат од куче скитник.

На 12.11.2023 во 17.55 часот во Полициската станица Чаир, М.К.(40) од Скопје пријавил дека на ул.„Натанаел Кучевишки" бил каснат од куче скитник.

На 12.11.2023 во 16.40 часот во ОВР Прилеп, Ж.Д.(57) од Прилеп пријавила дека на ул. „Димо Наредникот" била касната од куче скитник.

Денеска (13.11.2023), полициски службеници од ЕВР Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода Е.А.(36) од Кочани. Тој се сомничи дека околу 01.30 часот во хотел на подрачје на Центар се обидел да одземе предмети, но бил забележан и задржан од еден вработен и од лице од обезбедувањето. Притоа, тој им се заканил со остар предмет и со тврд предмет го нападнал лицето од обезбедувањето. Е.А. бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.11.2023 околу 05.30 часот на автопатот А1, полициски службеници од Полициската станица за гранични премин и гранични надзор Богородица ги лишиле од слобода Р.М.(47) и П.Ј.(51), двајцата од Куманово. Тие се сомничат дека со возило „опел астра" со кумановски регистарски ознаки биле претходница на патничко возило „рено меган" со кумановски регистарски ознаки, во кое околу 01.30 часот биле пронајдени мигранти. Имено, околу 01.30 часот од страна на полициски службеници од Полициската станица за гранични премин и гранични надзор Богородица на автопат А1 бил даден знак за запирање на возилото „рено меган", но возилото продолжило со движење, скршило рампа на наплатата станица Смоквица, по што излетало од патот, а возачот го напуштил местото. Притоа, во возилото биле пронајдени шест лица мигранти од Сирија. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Криминалистичката полиција на СВР Битола поднесе кривична пријава против И.Г.(34) со привремен престој во Битола поради постоење основано сомнение дека извршил кривично дело „задоволување на полови страсти пред друг" по член 190 од Кривичниот законик. На 08.11.2023, тој излегол без облека во ходник од зграда во Битола во која живеел и си вознемирил станарите.

На 12.11.2023 околу 13.10 часот, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода П.Ј.(44) од тетовска Брвеница и Љ.Л.(64) од тетовско Фалише поради сомнение за сторено кривично дело „незаконит лов". Тие се сомничат дека претходно, за одредена сума на пари, се договориле да му отстрелаат дива свиња и да му ја донесат на Љ.Л.. Дивата свиња, која била донесена со возило, е одземена и предадена на Агенцијата за храна и ветеринарство. Двете лица се задржани во Полициската станица Тетово за целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 12.11.2023 во 15.50 часот во Полициската станица Гевгелија, од Јавна здравствена установа Гевгелија било пријавено дека кај нив со повреда од огнено оружје бил донесен И.С.(56) од Гевгелија. Според пријавеното, тој се здобил со повредата истиот ден околу 13.00 часот додека бил на лов во атар на с.Коваревци, гевгелиско. За настанот бил известен јавен обвинител и се преземаат мерки за негово расчистување.

На 12.11.2023 од 11.00 до 16.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за непропишно престигнување во која вкупно биле откриени и законски санкционирани 36 прекршоци (ТЕ-11 и ГВ-25). Покрај ова, санкционирани се и 12 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-5 и ГВ-7).

На 12.11.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 24 прекршоци, од кои 22 надвор од населено место и 2 во населено место. Истиот ден во периодот од 11.00 до 16.00 часот спроведена е акциска контрола на возачи кои вршат непропилно престигнување. Притоа биле санкционирани 12 прекршоци. Санкционирани биле и 21 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 4 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 5 за некористење сигурносен појас, 2 за користење мобилен телефон и 1 за непропишно паркирање.

На 12.11.2023 во периодот од 08.00 до 20.00 часот на тетовско - гостиварското подрачје спроведена е акциска контрола за брзина со која се движат возилата. Притоа, санкционирани се 18 возачи (ТЕ-7 и ГВ-11) кои ја пречекориле максимално дозволената брзина надвор од населено место. Три од нив пречекориле за над 50 километри на час, а санкциониран бил и 1 возач (ТЕ) кој го пречекорил пропишаниот максимум во населено место, како и 56 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-29 и ГВ-27).

На 12.11.2023 од 11 до 16 часот на подрачјето на СВР Охрид реализирани се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале 22 возачи кои извршиле престигнување на моторни возила на непрегледни и места каде со сообраќаен знак тоа е забрането (Охрид-10, Струга-04, Кичево-05, Дебар-03). Против нив се поднесени прекршочни платни налози.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против А.Б.(49) од кичевското село Зајас поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување употреба на наркотични дроги ". При претрес, извршен во хотел во Кичево, во кој престојувал, полициските службеници кај него пронашле и одзедоа кокаин и предмети со траги од кокаин.

На 11.11.2023 во 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во круг на факултет на подрачјето на Карпош, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу И.С.(48), М.М.(55) и двајца малолетници, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 12.11.2023 во 14.45 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправната установа Затвор Скопје било пријавено дека околу 13.50 часот во полуотвореното одделение во објектот притвореникот Д.П.(34) од Скопје бил физички нападнат од притвореникот С.З. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.11.2023 во 18.30 часот во СВР Скопје, Т.Ш.(19) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Шуто Оризари, таа и Р.С.(23) биле физички нападнати од С.И.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.11.2023 во 16.00 часот во ОВР Крушево, С.А. (31) од с.Саждево, прилепско, пријавил дека во с.Саждево бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Б.Н.(38) од село Велешта, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „изнуда" и „загрозување на сигурноста". На 04.01.2023, пријавениот се заканувал и барал пари на неговата поранешна 23-годишна партнерка, со која има вонбрачно дете.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Виница поднесе кривична пријава против С.К.(21) и Д.С.(24), двајцата од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 28.08.2023 на патот Виница-Берово, по претходно случена сообраќајна незгода, пријавените го оштетиле возилото „ауди" на Н.А од село Таринци, општина Карбинци.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.С. поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 25.06.2023 во Казнено-поправната установа затвор Куманово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 13.11.2023 во 03.05 часот во Полициската станица Карпош, М.О.(75) од Скопје пријавила дека на влезната врата од станот има оштетувања од огнено оружје. Полициски службеници извршиле увид и пред влезната врата пронашле пет чаури. Нема повредени лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.Т.(37) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". Полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле пиштол, рачна граната, ловечка пушка и 493 куршуми со различен калибар.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Ш.М.(47) од Радовиш поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 04.08.2023 на магистрален пат, на место викано „Чифличка крстосница", полициски службеници запреле патничко возило, управувано од пријавениот, при што тој на увид дал возачката дозвола за која било констатирано дека е фалсификувана.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет